# ТЕА МОДЕРНА

и КОНЕКТ Ви подаруваат

## ДОНАТОРСКИ КАЛЕНДАР 2013

# 365 дена дарување

**Јануари** - **Направете донаторски план.** Кои се целите? Колкави се можностите? Што Ви е Вам важно? За идеи за донирање полезен е овој календар. Побарајте нè во „Конект“ и со задоволство ќе Ви помогнеме да донирате и волонтирате.



**Февруари** - **Купете „Лице в лице“.** Овој магазин го продаваат млади од улица, бездомници и други маргинализирани лица. Не одминувајте ги! Со купените примероци ќе помогнете тие економски и социјално да зајакнат. Содржините се одлични!




**Март** - **27-ми е Светски ден на театарот.** Подарете билети на лица што се социјално загрозени. Во Македонската платформа против сиромаштија знаат кој би уживал во ова, а нема можност.



**Април** - **7-ми е Светски ден на здравјето.** Разгледајте ја Вашата семејна историја на болести. Донирајте во организација што се бори токму против заболувањето на Вашите блиски: НОРА, Борка, Дајте ни крилја, Здруженијата на граѓани со дијабетес и многу други.




**Мај** - **Заштитете го рисот!** - Истражувањето на животот на рисовите е првиот чекор во борбата за нивниот опстанок. Македонското еколошко друштво следејќи ги рисовите Ристе, Мартин и Марко го открива нивниот магичен свет. Вашата донација ќе им овозможи да продолжат во изнаоѓањето начини да ги спасиме.



**Јуни** - **Дарувајте крв!** Не постои поважна причина за да престанете со тоа што го правите и да положите 15 минути. Никој нема да Ви забележи. На 14-ти е Светскиот ден на крводарителството.



***Овој календар е Ваш потсетник за да сторите нешто добро. Одвојте малку средства или време и ќе можете да направите вистинска промена. Не чекајте и почнете да го менувате светот околу Вас! Ние сме тука за да Ве поддржиме.***

**Јули** - **За живот без насилство.** Прескокнете еден коктел на плажа и износот донирајте го на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Дневно се доволни 300 денари за храна за мајка со две деца сместена во шелтер центар.




**Август** - **Асистивна информатичка технологија.** Донирајте 1.220 ден. на „Отворете ги прозорците“. Ова е доволно едно дете со хендикеп да учи да користи компјутер во текот на овој месец и да ја започне новата учебна година со нови знаења.



**Септември** - **Расчистете ги полиците.** Донирајте книги на најблиската библиотека или училиште. Просторот на полицата искористете го за нови наслови. Може да основате маалска библиотека пред Вашиот влез, па секој сосед ќе може да подари и позајми.



**Октомври** - **Време е за зимница.** Донирајте храна на оние кои немаат доволно. Банка за храна БХМ ќе ја дистрибуира за Вас, онаму каде е најпотребна. 16-ти е Светски ден на храната. Вклучете се во борба против гладот!



**Ноември** - **Спасете бездомно животно.** „Анима мунди“ на терен се грижи за кучињата и мачињата од нашите маала. Вашата донација од 1.000 денари ќе обезбеди лекување на повредено или затруено животно и можност за негово вдомување.



**Декември** – **Подарете на бездомниците.** Направете овој празничен месец да биде топол и за тие кои немаат дом. Црвениот крст на град Скопје ќе ги пренесе Вашите подароци во храна, средства за хигиена, ќебиња, облека и слично во Пунктот за бездомници.



За повеќе информации како да донирате во споменатите организации контактирајте со КОНЕКТ на 02 3224 198 и konekt@konekt.org.mk